**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: г-дин**

**Бр. 03-1**

**Скопје 11.01. 2018г.**

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитуван господине ,

Во врска со Вашата претставка (наш бр. 03-1 од 2 јануари 2018 година), упатена по повод прилозите емитувани на ТВ во рамки на емисијата „ “ на декември 2017 година, во којашто наведувате дека не се почитувани начелата од Кодексот на новинарите, дека прилогот од декември содржи повеќе фактички грешки, и барате Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да процени дали новинарот на прилогот емитуван на декември („ ?“) се водел од етичките и професионални принципи од Кодексот на новинарите, како и дали Ви е овозможено во целост исполнување на правото на одговор (во прилогот емитуван во емисијата од декември), Ве известуваме за следново:

Во ситуации кога треба да се процени дали некој медиум ги почитувал начелата од Кодексот на новинарите, надлежност за постапување има саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија. Повеќе информации за Советот, како и формулар за поднесување жалба со цел Комисијата за жалби на ова тело да може да го разгледа Вашиот случај има на нивната веб страна www.semm.mk.

Во однос на тоа дали Ви е во целост овозможено исполнување на правото на одговор за наводите изнесени во прилогот емитуван на декември во емисијата „ “, Ве упатуваме на одредбите од Законот за медиуми („Службен весник на РМ“ бр.184/13 и 13/14) во коишто се регулирани правото на исправка и одговор (од член 17 до член 31), а којшто можете да го најдете на нашата веб страна www.avmu.mk / легислатива / закон за медиуми. Согласно член 29 од Законот за медиуми, Агенцијата може да врши административен надзор само врз одредени одредби од Законот (членовите 6, 8, 14 и 15), но не и да постапува по одредбите коишто се однесуваат на правото на исправка и одговор.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Доколку цените дека во прилогот емитуван на 27 декември не Ви е во целост овозможено исполнувањето на правото на одговор и исправка, Ве информираме дека може да постапите согласно член 23 став 1 и член 28 од Законот за медиуми, односно да го остварите правото на тужба против одговорниот уредник на медиумот.

Со почит,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

______________________
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**